**ЗАПИСНИК**

Записник од одржана Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животната средина за спроведување на проектот - Постројка за третман на искористени масла во општина Петровец, за потребите на инвеститорот ДПКМТУ "АРГЕАД" ДООЕЛ од Скопје, одржана на ден 09.07.2020 (четврток) во Општина Петровец

На ден 09.07.2020 година во Општина Петровец се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот Постројка за третман на искористени масла во општина Петровец, за потребите на инвеститорот ДПКМТУ "АРГЕАД" ДООЕЛ од Скопје, која започна во 12:00 часот.

Присутни:

- Александар Петковски - Помошник раководител на Сектор за животна средина (МЖСПП)
- Влатко Цветаноски – Советник за постапка за ОВЖС (МЖСПП)
- Љубомир Ивановски, претставник од ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје
- Игор Ивановски, претставник од ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје
- Теон Станковски, ДПКМТУ "АРГЕАД" ДООЕЛ од Скопје
- Тони Станковски, ДПКМТУ "АРГЕАД" ДООЕЛ од Скопје
- **Претставници од општина** Петровец
- Стефани Арсовска
- Блаже Арсовски
- Наим Амети

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

1. **Отворање**

Јавната расправа ја отвори Влатко Цветаноски – Советник за ОВЖС во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните (претставници од страна на Министерството за животна средина, инвеститорот - ДПКМТУ "АРГЕАД" ДООЕЛ од Скопје), и краткото запознавање со постапката за ОВЖС од страна на МЖСПП му даде збор на претставник од ТЕХНОЛАБ ДОО, Љубомир Ивановски да направи презентација на Студијата за ОВЖС.

## 2. Презентација на студијата за оцена на влијание врз животната средина

Презентацијата започна со презентирање на процедурата на ОВЖС во согласност со Законот за животна средина и добиеното Решение за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина. Потоа следеше презентација на разгледуваните алтернативи. Презентацијата продолжи со технички опис на Проектот, опис на разгледуваните влијанија во пред-градежна, градежна и оперативна фаза, како и мерките предложени во студијата за намалување на идентификуваните влијанија. Во текот на презентацијата на Студијата за ОВЖС за збор се јави Блаже Арсовски - претставник од општина Петровец кој кажа дека на наведената локација предвидена за изведба на проектот има постоечки приклучок и инфраструктура за канализациона мрежа.

Објаснета беше и целта за изведба на проектот која предвидува изградба на објект во кој ќе биде сместена постројка за третман – регенерација на искористени масла (отпадни масла). Постројката претставува целосно затворен систем за дестилација PurePath патентирана со прочистувач на воздух и технологија за рециклирање на отпадно масло. Искористените (отпадни) масла ќе се набавуваат од лиценцирани добавувачи и истите ќе бидат складираат во челични резервоари. Максималниот капацитет на постројката за рециклирање на отпадно масло изнесува 10 000 литри за 24 часа. Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот - Постројката за третман на искористени масла е на ГП 1.12, на КП број 356/17, КО Ќојлија во општина Петровец.

Од 100 % отпадно (искористено) масло, при рециклирање произлегуваат следните компоненти:

-Околу 5% вода, која ќе се користи за разладување на самиот систем.

-Околу 3% лесни хидрокарбони – нафта за греење која ќе се складира во посебен резервоар и ќе се користи во процесот на производство.

-Околу 85% базни масла од типот CH 150 – CH 500 во зависност од типот на влезното отпадно масло. Овие добиени базни масла ќе се складираат во посебни резервоари и ќе се користат за продажба во земјава и странство.

-Околу 7% асфалт или битумен кој ќе се складира во посебни резервоари и ќе се користи за асфалтни бази и изградба на патишта.

## 3. *Дискусија*

Влатко Цветаноски отвори дискусија по Студијата за ОВЖС, при што никој од присутните не се пријави за збор по однос на Студијата за ОВЖС.

Јавната расправа беше затворена од страна на Влатко Цветаноски во 13:30 часот.